Општина Берово

ДимитарВлахов 10, Берово
2330 Берово
Тел/факс:.033/471 057
e-mail: so.berovo@t.mk

# ОпштинаБерово

ТУРИЗАМ



ПРОГРАМА



2024

**<u>Годишен (IV квартален) комулативен ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА:</u>**

**Г2 за активностите на Општина Берово за 2024 година во областа на туризмот за период од 01.01.2024 до 31.12.2024 година**

Основа за реализација на активностите претставува усвоената годишна Програма во областа на туризмот од Советот на Општина Берово за 2024 година. Извештајот ги сумира активностите извршени од страна на Одделението за локален економски развоји истиот е реализиран во соработка со другите одделенија и институции на локално ниво, а се однесува за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година за реализација на: **<u>Г2 ПРОГРАМА за активностите на Општина Берово за 2024 година во областа на туризмот</u>** усвоена со Број. 09-4525/1 од 24.11.2023 година.

Програмата за поттикнување на развојот на туризмот е насочена кон активности во различни подрачја на делување,а со цел создавање на соодветни услови за искористување на конкурентните предности и дефинирање на туристичката понуда и производи идентификувани со Стратешки документи на општината и усвоените приоритети во кои пред се спаѓа <u>Стратегија за развој на туризмот во Општина Берово 2019-2029.</u>

Развојот на туризмот е еден од столбовите за одржлив развој на општината. Берово е една од туристичките дестинации која е препознаена во земјава и пошироко во регионот. Извештајот за Програмата ги дефинира основните параметри и во истата по изработка на Стратегијата се реализираат приоритетни активности кои во текот на 2024 ги вклучуваат следните цели:

- Дефинирање на туристичкиот производ со понуда, промоција и презентација;
- Подобрување на квалитетот на постојната и изградба на нова инфраструктура;
- Институционално јакнење и развој на човечки ресурси;
- Утврдување на Берово како сериозна туристичка дестинација.

Како резултати од реализацијата на програмата активностите кои се спроведуваат се:

- Евиденција, регистрација и категоризација на сместувачките капацитети од мал обем (за физички лица до 20 легла) согласно ингеренции на локалната самоуправа од областа на туризмот. Во надележност на општината и Градоначалникот е да водат регистар на приватни сместувачки капацитети и да извршат категоризација. Преку одделението за ЛЕР се реализираа активностите за евиденција, регистрација и категоризација на сместувачките капацитети.
- Проектот MOVING (Валоризација на планините преку меѓусебна поврзаност и зелен раст), се спроведува во неколку земји е во рамки на програмата Хоризонт

на ЕУ, а го спроведува CNVP во Македонија. Општина Берово е вклучена во еден од пакетите за изработка на Стратегија за развој на малешевскиот регион преку организирање на неколку работилници во кои посебно место има и младинскиот активизам за долгорочен развој на планинските региони. Подготвени се анализи на природните потенцијали и предизвици кои влијаат на регионот за развој на Малешевијата до 2050.

- Спроведен е процес за информирање на граѓаните за обновување на решенијата за категоризација и обновување на базата на податоци со која располага општина Берово. При посетата на комисијата задолжително се информираат граѓаните кои вршат дејност од мал обем да постапат согласно законски одредби и редовно да вршат уплата на туристичка такса за ноќевање на гости туристи.
- Преку промоција и поддршка на туризмот во Берово, продолжуваат активностите за континуирано надополнување и креирањето на базата со податоци. Се обезбедуваат информации преку собирање, издвојување и обработка во правец на дефинирање и надградување со нови сегменти и активности во туристичката понуда на веб-порталот **“http://visitberovo.mk/“**
- По одржаните средби и разговори со локалните производител во текот на 2023 година се направи дополнување на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на Општина Берово која продолжува и во 2024 година за поддршка на локалните производители на традиционални прозводи со **поставување на урбана опрема-тезги на јавна површина за продажба на отворено** со посебна одлука за ослободување од плаќање на комунална такса за користење на плоштадот во Берово (локација–уредена јавна површина–мини плоштад кај Домот на културата во Берово). Целта е збогатување на туристичката понуда, развој на руралниот туризам и стимулирање на локалната економија преку промоција на традиционалните производи, поддршка на локалното производство и нивна поголема достапност до посетителите кои се туристите во општината.

Одделението за локален економски развој

Ѓорѓи Пеовски